ул. Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија
Тел: 003892 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ

**Градоначалник на Општина Гази Баба**

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за инспекциски работи - Инспекторат**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## За работата на Секторот за инспекциски работи - Инспекторат

## за Јануари-Јуни 2025 година

**Изработено во: Јули 2025 год**

# ВОВЕД

*01.01.2025 заклучно со 30.06.2025 година.*

Во Полугодишниот Извештај се презентирани активностите на инспекторите и нивната работа во смисла исполнување на законската рамка за вршење на инспекцискиот надзор во сите области во надлежност на Инспекторатот на Општина Гази Баба.

Секторот за инспекциски работи – Инспекторат во периодот од Јануари до Јуни вршеше редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори кај правните и неправилностите кај физички лица пријавени од страна на друго физичко и правно лице постапувајќи по законот за Општа управна постапка, законот за инспекциски надзор, матријалниот закон и други прописи и одредби.

За извршените надзори изготвени се Записници со констатација на утврдените состојби на лице место, а за отстранување на недостатоците утврдени при редовни и вонредни инспекциски надзори во точно определени рокови, и со вонредните инспекциски надзори донесени се Решенија со кои се задолжени правните и физичките лица.

Покрај претходно наведените активности Секторот за Инспекциски работи - Инспекторат вршеше и други работи кои претставуваат продолжение на започнатите активности од претходната година или произлегуваа од тековното работење, како што се постапување по поднесени барања, претставки, предлози и иницијативи од физички и правни лица за вршење на инспекциски надзор по одредени органи на државната управа, органите на општините, Државната комисија за решавање во управна постапка и постапка за работен однос во втор степен.

Во Полугодишниот извештај се презентирани и вкупниот број на предмети кои се примени во Секторот за инспекциски работи-Инспекторат во Општина Гази Баба во двете Одделенија и колку од нив се решени.

Заради различните области кои ги покрива Инспекторатот на Општина Гази Баба, Полугодишниот Извештај за работата на Секторот Инспекторат на Општина Гази Баба е изготвен и презентиран по Одделенија, исто како и претходно донесен Годишен План за работа.

Во надлежност на инспекторатот на Општина Гази Баба е да ги спроведува Законот на општа управна постапка, Законот за инспекциски надзор и матријалните закони од двете одделенија со тоа што навремено и ефикасно ќе им даде можност на граѓаните на Општина Гази Баба да ги остварат своите права и интереси и прибавување и доставување на податоци по службена должност од службената евиденција што ја води органот надлежен за решавање, друг државен орган, Градот Скопје и правни и други лица на кои им е доверено да вршат јавни овластувања.

Како посебни одделенија во Инспекторатот кои за работите и задачите од нивната надлежност се непосредно одговорни пред раководителот на сектор на Инспекторатот се формирани следните Одделенија: Одделение за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности и градежна инспекција и Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина.

Сите инспектори и комуналните редари имаат и службени сим картички за мобилни телефони заради навремена комуникација со своите соработници, странки и Раководителот на сектор.

Инспекторатот располага со три возила со што се намалија потешкотиите за извршување за нашите работни задачи.

# СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ-ИНСПЕКТОРАТ

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

### Комунална инспекција

Работните активности на Одделението за комунална инспекција и инспекција за животна средина, во текот на Јануари-Јуни 2025 година, се засноваа на спроведување на Годишната Програма и месечните планови и извештаи за вршење на:

- редовни инспекциски надзори
- контролни инспекциски надзори и
- вонредни инспекциски надзори

При вршење на инспекцискиот надзор, во работењето ги применуваат следните Законски прописи кои се во согласност со Годишната програма:

- Закон за јавна чистота
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за комунални дејности
- Закон за урбано зеленило
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за општа управна постапка
- Закон за прекршоци
- Закон за Град Скопје
- Закон за локална самоуправа;

Од Годишната Програма и горе наведените законски акти произлегоа работните активности кои се превземаа во изминатиот едногодишен период, а тоа се однесува пред сé на спроведување на инспекциски надзор над правните и физички лица на територија на Општина Гази Баба. Притоа се изведени следните активности:

- Постапување по пријави од граѓани и увид на лице место на посочените локации,
- Координирани активности со комуналните редари за отстранување на дивите продавачи и хаварисани возила на јавни површини на познатите критични точки во Општина Гази Баба,
- Прием на странки и консултации со истите
- Следење на законодавството од областа на комуналните дејности
- Присуство на работилници, трибини и семинари од областа на комуналните дејности

- Организирање на акции со комуналните редари за отстранување на отпадни гуми и диви продавачи на јавна површина
- Акција за отстранување на хаварисани возила на територија на Општина Гази Баба

Графички преглед за извршени инспециски надзори во Комунална инспеција од страна на Советник - комунален инспектор

| **Комунална инспекција на Општина Гази Баба-советник комунален инспектор** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1 | Пријави од граѓани | 6 |
| 2 | Записник за извршен инспекциски надзор | 16 |
| 3 | Решение- Опомена | 4 |
| 4 | Контролен записник | 4 |
| 5 | Известувања | 7 |
| 6 | Препраќање на барање | 2 |
| 7 | Записник за сторен прекршок-физичко лице | 22 |
| 8 | Прекршочен платен налог-физичко лице | 22 |
| 9 | Записник за сторен прекршок-правно лице | 2 |
| 10 | Прекршочен платен налог-правно лице | 2 |
| 11 | Записник за сторен прекршок -одговорно лице во правно лице | 2 |
| 12 | Прекршочен платен налог-одговорно лице во правно лице | 2 |
| 13 | Барање за поведување на прекршочна постапка | 3 |
| 14 | Опомени(писмени и усни) | 74 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година на* ***комуналниот инспектор*** *на Општина Гази Баба*

Графички преглед за извршени инспециски надзори во Комунална инспеција од страна на Помлад комунален инспектор

| Комунална инспекција на Општина Гази Баба-помлад комунален инспектор | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Пријави од граѓани | 5 |
| 2. | Редовен инспекциски надзор | 3 |
| 3. | Вонреден инспекциски надзор | 3 |
| 4. | Известувања | 5 |
| 5. | Препраќање на барање | 3 |
| 6. | Записник за инспекциски надрзор | 5 |
| 7. | Записник за сторен прекршок-физичко лице | 8 |
| 8. | Прекршочен платен налог-физичко лице | 13 |
| 9. | Барање за поведување на прекршочна постапка | / |
| 10. | Опомени(писмени и усни) | 12 |

Програмата за работа за 2025 година во Секторот за инспециски работи – Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина ја реализира со еден Советник комунален инспектор и еден Помлад комунален инспектор на територија на Општина Гази Баба.

## КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

Работењето на комуналните редари во текот на наведениот период , се засноваше на спроведување на Годишната Програма и месечните планови за вршење контрола на теренот. Во својата работа го применуваат законот за јавна чистота.

Комуналните редари во своето работење ги применуваа следните Законски и подзаконски прописи:

- Закон за јавна чистота, *(Сл. Весник на Р.М. бр. 111/2008г, 64/2009г, 88/2010г, 114/2010г, 130/2010г, 23/2011г, 53/2011г, 80/2012,121/21г)*;

Од горенаведените Закони произлегоа активностите кои ги превземаа комуналните редари во изминатиот едногодишен период.

Постапувајќи по членовите 14, 16, 17, 19, 20 став 2 и 21 од Законот за јавна чистота, комуналните редари ги превземаа следните активности:

1. Палење оган на јавна површина
2. Исфрлање шут на јавна површина
3. Отстранување на диви продавачи на јавна површина
4. Спроведување на акции за собирање на стари гуми
5. Спроведување на акции со пазарна инспекција за одземање на роба на диви продавачи

Графички преглед за извршена контрола на терен од страна на Комуналните редари

| **Комунални редари** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Прекршочен платен налог | 51 |
| 2. | Записник за сторен прекршок | 51 |
| 3. | Опомени *(усмени и писмени)* | 69 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот од 01.01.2025г. до 30.06.2025година на **комуналните редари** на Општина Гази Баба*

Програмата за работа за 2025 година во наведениот период во Секторот за инспециски работи –Одделение за инспекција за животна средина и комунална инспекција ја реализира со седум комунални редари на територија на Општина Гази Баба.

**Инспекција за животна средина**

При вршење на инспекцискиот надзор, во работењето се применуваат следните Законски прописи кои се во согласност со Годишниот план:

- Закон за инспекциски надзор
- Закон за инспекциски надзор во животната средина
- Закон за животна средина;
- Закон за заштита од бучавата во животната средина;
- Закон за управување со отпад;
- Закон за амбиентален воздух;
- Закон за води;
- Закон за заштита на природата;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување
- Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори
- Закон за електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за општа управна постапка
- Закон за прекршоци
- Закон на Град Скопје;

Од Годишниот план и горе наведените законски акти произлегоа работните активности кои се превземаа во изминатиот едногодишен период а тоа се однесува пред сé на спроведување на инспекциски надзор над правните и физички лица на територија на Општина Гази Баба. Притоа се изведени следните активности:

- Постапување по службена должност согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои е задолжително да се изработи Елаборат за оцена на влијание врз животната средина
- Постапување по пријави на граѓани
- Прегледување и давање на мислење по однос на Елаборати за оцена на влијание врз животна средина
- Прием на странки и консултации со истите,
- Следење на законодавството од областа на животната средина
- Присуство на работилници, трибини и семинари од областа на животната средина и комуналните дејности

Графички преглед за извршени инспециски надзори во Инспекција за животна средина

| **Инспекција за животна средина на Општина Гази Баба** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Пријави од граѓани | 8 |
| 2. | Записник | 19 |
| 3. | Решенија-опомена | 9 |
| 4. | Известувања | 8 |
| 5. | Контролен записник | 8 |
| 6. | Кривични пријави | 1 |
| 7. | Прекршочен платен налог-физичко лице | 9 |
| 8. | Записник за сторен прекршок- физичко лице | 9 |
| 9 | Прекршочен платен налог-правно лице | - |
| 10 | Записник за сторен прекршок- правно лице | - |
| 11 | Записник за сторен прекршок-одговорно лице во правно лице | - |
| 12 | Прекршочен платен налог-одговорно лице во правно лице | - |
| 13 | Поведување прекршочна постапка | - |
| 14 | Опомени (усни и писмени) | 25 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот од 01.01.2025 до 30.06 2025 година на **инспектор за животна средина** на Општина Гази Баба*

Во наведенот период, поради несреќата со пожарот во дискотека во Кочани при што имаше и човечки жртви, беа извршени вонредни инспекциски контроли со изготвени чек листи за контрола на угостителски објекти. Притоа во текот на месец Април и Мај беа посетени 140 угостителски објекти и се потполнети листите за евиденција при што се покренаа соодветни постапки онаму каде беа констатирани неправилности.

Планот за работа за 2025година во Секторот за инспекциски работи – инспекторат во Одделение за инспекција за животна средина и комунална инспекција, инспекцијата за животна средина го реализира со еден Виш инспектор за животна средина на територија на Општина Гази Баба.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

**Инспекција за домување**

Работните активности во текот на 2025 година, полугодишен период, се засноваа на вршење на инспекциски надзор над примена на следните Законски прописи, кои се во согласност со Годишната програма:

- Закон за општа управна постапка
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за домување
- Закон за пожарникарство
- Закон за сопственост и други стварни права
- Закон за облигациони односи
- Закон за катастер на недвижности
- Закон за електронско управување
- Закон за заштита на лични податоци
- Закон за локална самоуправа
- Закон за прекршоци
- Подзаконски акти,одлуки и друго донесени од органи и институции од државно и локално ниво

Од Годишната Програма и горе наведените законски акти произлегоа работните активности кои се превземаа во изминатиот едногодишен период а тоа се однесува пред сé на спроведување на инспекциски надзор над правните и физички лица на територија на Општина Гази Баба. Притоа се изведени следните активности:

- Постапување по пријави од правни и физички лица
- Прием на странки и консултации со истите
- Следење на законодавството од областа на домувањето
- Присуство на работилници, обуки и семинари
- Изготвување Регистар на станбени згради на територија на општина Гази Баба
- Изготвување Регистар на управители на станбени згради на територија на општина Гази Баба
- Соработка со технички секретари на општина Гази Баба

Графички преглед за извршени инспециски надзори во Инспекција за домување

| **Инспекција за домување на Општина Гази Баба** | |
|---|---|
| **Име на акт** | **Број на акти** |
| Преставки и пријави од граѓани | 5 |
| Редовни инспекциски надзори | 7 |
| Записници од извршен инспекциски надзор | 9 |
| Решенија за отстранување на неправилности | 2 |
| Контролни записници | 2 |
| Прекршочни платни налози | 1 |
| Покани за едукација | / |
| Барање за поведување прекршочна постапка | / |
| Постапки по жалби | / |
| Решенија за запирање на постапка | / |
| Заклучок за трошоци во постапка | / |
| Барања за упис во регистар на станбени згради | 52 |
| Известувања | 3 |
| Опомени | 4 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025година на* ***инспектор за домување*** *на Општина Гази Баба*

Во наведенот период, поради несреќата со пожарот во дискотека во Кочани при што имаше и човечки жртви, беа извршени вонредни инспекциски контроли со изготвени чек листи за контрола на станбените згради. Притоа во текот на месец Април и Мај беа посетени 114 станбени згради и се потполнети листите за евиденција при што се покренаа соодветни постапки онаму каде беа констатирани неправилности.

Програмата за работа за 2025 година во Секторот за инспециски работи – инспекторат во Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од

другите надлежности на општината ја реализира со еден Виш инспектор за домување на територија на Општина Гази Баба.

**Градежна Инспекција**

Работните активности на  Одделението за градежна инспекција, во текот на 2025 година, полугодишен период,  се засноваа  на спроведување на Годишната Програма и месечните планови и извештаи за вршење  на:

- редовни инспекциски надзори
- контролни инспекциски надзори и
- вонредни  инспекциски надзори

При вршење на инспекцискиот надзор, во работењето ги применуваат следните Законски прописи кои се во согласност со Годишната програма:

- Закон за градење
- Закон за постапување со бесправно изградени објекти
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за општа управна постапка
- Закон за прекршоци
- Закон за Град Скопје
- Закон за локална самоуправа;

Од Годишната Програма и горе наведените законски акти произлегоа работните активности кои се превземаа во изминатиот едногодишен период,  а тоа се однесува пред сé на спроведување на инспекциски надзор над правните и физички лица на територија на Општина Гази Баба. Притоа се изведени следните активности:

- Постапување по пријави од граѓани и увид на лице место на посочените локации,
- Прием на странки и консултации со истите
- Следење на законодавството од областа на комуналните дејности
- Изготвување на службени белешки
- Присуство на работилници, трибини и семинари од областа на комуналните дејности

Графички преглед за извршени инспециски надзори во Градежна инспекција

| **Градежна инспекција на Општина Гази Баба** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Пријави од граѓани | 60 |
| 2 | Известување | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Записник | 50 |
| 4 | Контролен записник | 40 |
| 5 | Решение | 50 |
| 6 | Прекршочен платен налог | 6 |
| 7 | Контролен записник | 32 |
| 8 | Предмети во постапка | 5 |
| 9 | Известувања од други сектори кон градежен инспектор за прекоп, бушотина и издадени одобренија за градење | 20 |
| 10 | Известувања и пријави од други институции | 7 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025година на **градежниот инспектор** на Општина Гази Баба*

## Просветна инспекција

| **Просветна инспекција** | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Пријава | 1 |
| 2 | Известување | 34 |
| 3 | Записник за извршен надзор | 35 |
| 4 | Контролен записник | 2 |
| 5 | Решение опомена | 2 |
| 6 | Известувања од институции | 34 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025година на **просветен инспектор** на Општина Гази Баба*

ЗАКЛУЧОК

Секторот за инспекциски работи - Инспекторат, поаѓајќи од надлежноста и организацијата на Инспекторатот утврдени со закон, изготви План за работата на Инспекторатот за 2025 година, во која задачите и активностите на Инспекторатот се насочени кон остварувањето на правата , обврските или правните интереси на физичките, правните лица и други странки во инспекциска постапка согласно закон, потоа вршење на инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од матријалните закони, подзаконските акти за нивната имлементација , Законот за инспекциски надзор, како и по поднесените пријави од физички или правни лица за вршење на вонредни инспекциски надзори во одредени субјекти на надзор.

Изготвил:
Александра Д. Аврамовска
Раководител на одд. за комунална
И инспекција за животна средина

Раководител на сектор за
инспекциски работи - Инспекторат
Дарко Стојковски

_________________

МП